# Металниот ред и романтичната хармонија

**Маневски се потврди како вешт мајстор на создавање скулптури во заварен метал, како автор што достигна зрел концепт на кохерентна форма, како уметник што е вљубеник во редот и хармонијата, во пропорциите, но и во декоративноста**



Стефан Маневски ѝ припаѓа на групата - немногубројни македонски скулптори образувани на југословенските академии околу 1960 година. Тој влезе во уметничкиот живот во момент на напуштање на антропоморфизмот, кој опфатил влијанија од роденовско-бурделовската традиција, со одделни мештровиќевски елементи до соцреалистичкиот концепт. Постакадемскиот период се совпадна со афирмацијата на енформелното сликарство, чии привзраници наоѓаме и меѓу новата генерација македонски уметници. Творештвото на Маневски се карактеризира со логична и постепена еволуција - од преобразена фигурација до облик што сам по себе значи. Притоа, не смее да се занемари влијанието на неговите професори од белградската Академија за ликовна уметност, Зоран Петровиќ и Јован Кратохвил, како и некои други елементи и импулси.

Во делото „Фигура што седи" (1963) не е ставен акцент на подражавање туку на волумен во простор - живо моделирано дело со извесни надреални белези. Со делото „Калина" (1964) Маневски ќе го навести својот интерес за нагласена вертикална поставеност на фигурата, која добила стилизирани форми на идол и во која се вградени сеќавања на старите култури. Извесниот архаизам се „чита" од строгата фронтална и крута поставеност, втренчениот поглед што коренспондира со надличното. Понатамошните истражувања уметникот ќе ги насочи кон анализа и расчленување на вертикалата, како и кон спроведување извесен симболично-декоративен концепт. Имено, моделацијата се смирува во интерес на малата виталистичка напнатост на формата. Делото се разрешува како вертикала со завршница во форма на диск во кој е впишан зракаст мотив. Тоа наедно значи претпочитање на релјефот и контурата пред скулптуралната тридимензионална замисла (Јужна ѕвезда, 1965).

Во следниот период доаѓа до некои промени - делата ќе го задржат поранешниот иконографски концепт, но моделирањето ќе биде заменето со користење метал и постапка на заварување. Во нив се содржани рефлекси на антропоморфна структура, како и архаични евокации сега обликувани во метал. Во горниот дел се задржале орнаменталните записи со нагласка на детализираното филигранско „мајсторисување", кое со ефектите на разновидна текстура добило барокизирана форма на целината (Сончев знак и Миг на времето од 1966). Изведбеното мајсторство заедно со комбинираните мазни и рапави површини, како и површинското отворање на волуменот, ги прават овие дела експресивни, со пластични и естетски вредности. Во нив доаѓаат до израз плоскавиот волумен, енформелната разјаденост на површината и речиси симетричниот распоред на елементите околу централната оска. Во тој период се создаваат серија дела изработени во метал како варијации на една тема, со понагласено користење правоаголни плошни форми и со комбинирање „сликарски" обработени орнаментални мотиви (Композиција, 1966, Без наслов, Крилеста скулптура и Јадро што зрачи, од 1968). Маневски ги развил сугестиите на модерни тотеми и други асоцијативни содржини. Металот се покажа зготен за постигнување нијансирани патинирања, при што деталот е во функција на целината, која сугерира некој вид сопрен или придушен лет. Маневски бил фасциниран од можностите на металот, кој за него имал експресивна цел и обликување симболични претстави. Можни се поврзувања со некои поранешни истражувања на скулпторите Чедвик, Сезар, Паолоци и други.

Делата на Маневски сепак не произлегуваат од рационалниот поредок на технологијата, туку од едно чувство што е повеќе романтично. Во следното истражување Маневски понагласено ја истакнува геометриската структура на делото, без позначителни промени (Скулптура 1, 1970). Во тој период, меѓутоа, скулптурата е третирана како столб составен од правилно исечени метални сегменти (Скулптура 2, 1970). Оттука произлегоа конструираните правоаголни изолжени форми компонирани од средишен „треперлив" мотив и рамот од мазни површини (Скулптура 7, 10 1973). Скулптурите потоа добија форма на отворена кутија со некој вид релјефно разрешени механоморфни апстрактни пејзажи (Скулптура 12, 1972, Скулптура 7, 1973). Маневски во 1978 година изработи монументален релјеф за Комерцијалната банка во Скопје. Во него тој постигна рамнотежа на широките боени површини и на островцата механоморфни структури. Не треба да се исклучат поттиците од некои поранешни челични релјефи на Ханс Улман. Следуваат серија дела во кои надвладеале боените површини и динамична распореденост на елементите (Релјеф во црвено 1979, Без наслов, 1993). Правилната диспозиција на боени закривени површини и на густите снопови метална структура не ја исклучува нервозната поставеност.

Во следниот период Маневски ќе го задржи интересот за чисти скулпторски состави во кои основен мотив се тие модули, кои се минуциозно сечени и распоредени во серии и строги пропорции. Маневски создал еден вид сив метален „импресионизам" комбиниран со игра на групирање на разни елементи и структури, со геометриски дизајнирани форми. Скулптурите добиваат правоаголни и ромбоидни форми со мазна или структурирана рамка. Раздвижената структура на релјефот сугерира една конкртизирана димензија на време (Скулптура 10-2, 1977, Скулптура 10-1, 1978, Неисправен екран и Без наслов од 1981, Светлосен информатор 2 од 1983). Во една серија дела, во сиво-сино обоен метал, сечените ленти се групирани на сосема мали површини. На закривените мазни површини се појавуваат рафинирано третирани бранувања, а силуетните мотиви се третирани контурно и во широки површини (Силуети 1981, Мала скулптура, Без наслов и Скулптура Т-5-2/84). Веројатно заситен од креирањето разбранувани контурни знаковни форми, Маневски ќе направи кратко интермецо со живо моделирани фигурки излеани во бронза. Со нив тој нè потсетува на неговите почетоци (Силуети 1982).

Следуваат дела што се концептуално јасно дефинирани со одмерена експресивност. Тие се распоредени на подот како чисти пластични структури во кои се реализирал задржан внатрешен импулс (Скулптура за урбан простор 2 и Скулптура Б од 1990-93, Скулптура Л од 1990-93 и Билјанино 2 од 1995). Маневски се потврди како вешт мајстор на создавање скулптури во заварен метал, како автор што достигна зрел концепт на кохерентна форма, стереометриски определена и како уметник што е вљубеник во редот и хармонијата, во пропорциите, но и во декоративноста. Во развитокот на модерните тенденции во македонската скулптура, тој даде оригинален придонес.

**Владимир Величковски**